ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД

## ПОЛИТИЧКИ ТРЕНИНЗИ

***(дел од програмата „Политички дијалог помеѓу младите политичари во Македонија)***



Институтот за економски стратегии и меѓународни односи Охрид ги заокружи и успешно ги имплементираше тренинзите од програмата "Политички дијалог меѓу младите политичари во Република Македонија". Институтот Охрид се залага за поголема едукација на младите политичари и притоа преку програмата и активностите им нуди платформа за дискусија, дебата, едукација и подобрување на политичкиот дијалог помеѓу нив.

Како и досега, на наше големо задоволство сите поканети партии, односно 15 политички организации на младинско ниво ја прифатија поканата и активно учествуваа на тренинзите.

Младинските организации на политичките партии, како и досега, покажаа инзворедна конструктивност и желба за надоградување. И воедно, браво за сите млади политичари и учесници на тренинзите: СДСМ, ВМРО –ДПМНЕ, ДПА, ДУИ, Демократски сојуз, Демократска десница, Демократска лига на бошњаците, ВМРО – НП, Национална Демократска Преродба, НСДП, Демократска партија на турците во Македонија, Демократска партија на србите во Македонија, Демократска обнова на Македонија, Социјалистичка партија и ОПЕ.

Членовите на младинските организации на политичките партии, беа поделени во групи од мешан карактер и активно земаа учество во тренинзите и дискусиите по наведените прашања. Предавањата на експертите/тренерите на Институтот Охрид и дискусиите опфатија повеќе теми и полиња на интерес, меѓу кои односот на малцинствата и поединецот, малцинствата како политичка категорија, стратешко планирање во политиката, начини на креирање на стратегии, а воедно се иницираа и различни теми на дискусии и дебати како на пример, Европските аспирации на Македонија, Европската унија и институциите, Спорот на Р. Македонија со соседот, Рамковниот договор, историјата на Р. Македонија и нејзиниот развој итн.

Младите политички активисти се здобија со одлична теоретска поткованост која ќе можат да ја искористат во нивните подоцнежни политички кариери, но и

совети  и трикови како успешно да имплементираат стратегии во партиските подмладоци во кои припаѓаат.  Преку вежби и дискусии, младите се запознаваа и создадоа контакти и познанства, а воедно се начнаа и неколку иницијативи за соработка меѓу младинските организации на политичките партии. Исто така, младите политичари имаа можност да развијат дискусии и дебати на различни теми. Воедно сите се согласија дека на Република Македонија и фали дебата, повеќе нема отворени дискусии на политички теми, а воедно повеќе неми никакви дебати. Секоја можност која ја имаат овие млади луѓе да дискутираат, да разговараат на одредени прашања, да се спротивставуваат меѓусебно и отворено да дебатираат е повеќе од значајна.

Иако младите припаѓаат на различни етнички и идеолошки кругови, сепак на овие тренинзи докажаа дека можат да ги остават разликите на страна и да создадат позитивна атмосфера со конструктивни дебати и размена на идеи и размислувања по однос на одредени политички прашања.  Тренинзите на Институтот ОХРИД имаат за цел да го подигнат нивото на  политички дијалог помеѓу младите политички активисти, да им се дадат правилни насоки за продолжување на дијалогот и кога ќе влезат уште поактивно во политичкиот ринг. Меѓудругото, тренинзите претставуваа едукативна платформа за идните активности кои Институтот Охрид ги подготвува.



Уште еднаш, честитки до сите учесници, покажавте разумност, спремност, иницијатива и позитивен дух.







**Институт за економски стратегии и меѓународни односи Охрид, Скопје**

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk